ПРЕДЛАГАЧИ: Група пратеници

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ,
# ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје,октомври 2024 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT-SHKUP

| Примено: E pranuar: | 07. 10. 2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 481111 | | |

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

Антонијо Милошоски
Љупчо Пренџов
Драган [illegible]
Бојан Стојаноски
Зоранчо [illegible]
Марија Петрушевска
Драгана Арсова
Валентина [illegible]
Жаклина Пешевска

2

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за јавните набавки се уредуваат начинот и постапките за јавни набавки, надлежностите на Бирото за јавни набавки, надлежностите на Државната комисија за жалби по јавни набавки и правната заштита во постапките за јавни набавки, како и правната заштита во постапките за доделување концесии и договори за јавно приватно партнерство.

Државната комисија за жалби по јавни набавки е надлежна да одлучува за законитоста на дејствијата и пропуштањата за преземање дејствија, како и на одлуките како поединечни правни акти донесени во постапките за решавање по жалби во постапките за јавни набавки и решавање по жалби во постапките за доделување договори за концесии и јавно приватно партнерство, како и за други работи согласно со закон.

Со предложените измени и дополнувања се врши усогласување на Законот за јавните набавки со Законот за општа управна постапка за ситуации кои не се изречно регулирани во Законот за јавните набавки, односно случаи кога жалителот пропуштил или навремено не ја платил административната такса и надоместокот за водење на постапката.

Имено, согласно член 137 став 1 од Законот за јавните набавки е уредено дека *„На дејствијата во жалбената постапката кои не се уредени со одредбите од овој закон ќе се применуваат одредбите од Законот за општата управна постапка“.*

Едно од основните начела на кои почива Законот за општа управна постапка е начелото на сервисна ориентација на јавните органи, *односно „Кога јавните органи решаваат во управни работи, сервисно се ориентирани кон остварувањето на правата и интересите на странките“* (член 9 од ЗОУП).

Понатаму, во член 39 став 3 од ЗОУП е дефинирано дека *ако поднесокот е нецелосен или нејасен, јавниот орган ќе се обрати до подносителот и ќе определи рок од 15 дена за дополнително појаснување. Ако подносителот ги отстрани недостатоците во определениот рок, ќе се смета дека поднесокот бил од почеток доволно јасен. Ако подносителот не одговори во определениот рок, барањето ќе биде отфрлено со управен акт во рок од дополнителни седум дена, против кој е дозволена жалба.“*

Со предложените законски измени се врши усогласување на Законот за јавните набавки со Законот за општата управна постапка кој претставува lex generalis при постапување на сите органи кои постапуваат во управни работи вклучително и Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Врз основа на ова се предвидува обврска за Државната комисија за жалби по јавни набавки, во ситуации кога жалбата не ги содржи сите потребни податоци дефинирани во член 155 од Законот за јавните набавки, вклучувајќи и доказ за платена административна такса и надомест за водење на постапката, да го повика

жалителот во определен рок кој не е подолг од пет дена да ги отстрани недостатоците.

На тој начин ќе дојде до целосен израз основната функција на Државната комисија да одлучува за законитоста на спроведената постапката за јавна набавка или доделување на концесии и јавно приватно партнерство и ќе се обезбеди сервисна ориентираност кон економските оператори.

Исто така со предложените законски одредби се зајакнуваат условите од аспект на стручност, компетентност и работното искуство кои треба да ги исполнат претседателот и членовите и се обезбедува независност на Државната комисија за жалби по јавни набавки со оглед на тоа дека претседател и член на Државната комисија не смеат да бидат членови на орган на политичка партија во последните пет години. Имајќи во предвид дека Државната комисија за жалби по јавни набавки постапува и по жалби поднесени во постапките за концесии и јавно приватно партнерство, работното искуство за претседателот и членовите се дополнува и со искуство од наведената област.

Во Извештајот за мапирање на состојбите во јавните набавки и клучните генератори на корупцијата финансиран од Европската Унија и изработен од Лудвиг Болцман Геселшафт – Институт за фундаментални и човекови права (LBI-GMR) во рамките на Програмата Владеење на правото од декември 2023 година, констатирано е дека Државната комисија за жалби по јавните набавки е неконзистентна во постапувањето и има различни стојалишта во однос на одредени прашања.

Согласно начелото на законитост и ефикасност во постапките за јавните набавки, во насока на создавање на услови за воедначена примена на законските одредби кои ги уредуваат јавните набавки, концесиите и јавно приватно партнерство и имајќи предвид дека решенијата на ДКЖЈН подлежат на управно судска заштита, се предлага претседателот и членовите на Државната комисија за жалби по јавни набавки да бидат со завршено образование од областа на правните работи и со положен правосуден испит.

На 14-тата Пленарна седница на Собранието на Република Северна Македонија одржана на 17.09.2024 година, на предлог на Комисијата за финансирање и буџет, расправајќи по Годишниот извештај за работата на Државната комисија за 2023 година, Собранието донесе заклучоци со кои констатираше дека Државната комисија за жалби по јавни набавки во 2023 година не ги реализирала активностите потребни за обезбедување на брза, објективна и ефикасна правна заштита во постапките за јавни набавки и дека не ги постигнала очекуваните цели,приоритети и резултати.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Основна цел на предложениот закон е усогласување со Законот за административните такси и Законот за управни спорови.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки не предизвикува фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на овој закон не се потребни дополнителни финансиски средства од државниот Буџет.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Врз основа на членот 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието да расправа по Предлог на законот по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

Член 1

Во Законот за јавните набавки (*) („Службен весник на Република Македонија“ број 24/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 87/21), во членот 132 ставот (2) се брише.

Ставовите (3) и (4) стануваат ставови (2) и (3).

Ставот (5) кој станува став (4) се менува и гласи:

„(4) За претседател на Државната комисија може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

1. е државјанин на Република Северна Македонија;
2. во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;
3. има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС, односно завршен VII/1 степен образование од областа на правото;
4. има положено правосуден испит;
5. во последните пет години не бил член на орган на политичка партија;
6. има работно искуство од најмалку десет години од кои најмалку пет години после положен правосуден испит и посебни познавања од областа на јавните набавки или постапките за доделување договори за концесии и јавно приватно партнерство;
7. поседува еден од следните меѓународно признати сертификати за познавање на англиски јазик

- ТОЕФЕЛ (TOEFL) со најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) со најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) со најмалку Б2 ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) – положен,
- БУЛАТС (BULATS) со најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) – најмалку ниво Б2 (B2).“.

Ставот (6) кој станува став (5) се менува и гласи:

„(5) За член на Државната комисија може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

1. е државјанин на Република Северна Македонија;
2. во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;
3. има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС, односно завршен VII/1 степен од областа на правото.
4. има положено правосуден испит;
5. има работно искуство од најмалку осум години од кои најмалку четири години после положен правосуден испит и посебни познавања од областа на јавните набавки или постапките за доделување договори за концесии и јавно приватно партнерство;

6. поседува еден од следните меѓународно признати сертификати за познавање на англиски јазик:

- ТОЕФЕЛ (TOEFL) со најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) со најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) со најмалку Б2 ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) – положен,
- БУЛАТС (BULATS) со најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) – најмалку ниво Б2 (B2);

7. во последните пет години не бил член на орган на политичка партија.“.

Ставовите (7), (8) и (9) стануваат ставови (6), (7) и (8).

Член 2

Во член 133 став (1) по алинејата 3 се додава нова алинеја која гласи:

„- е член на орган на политичка партија,“.

Член 3

Во член 155 став (1) по алинејата 9 се додава нова алинеја која гласи:

„- доказ за уплата на надоместок за водење на постапката и административна такса,“.

Ставот (2) се брише.

Член 4

Во членот 156 став (1) се менува и гласи:

„(1) Доколку доставената жалба не ги содржи податоците од членот 155 на овој закон, Државната комисија ќе побара од подносителот да ја дополни жалбата и ќе одреди рок кој не може да биде подолг од пет дена.“.

Член 5

Започнатите постапки пред Државната комисија за жалби по јавни набавки, ќе продолжат согласно со одредбите од овој закон.

Член 6

(1) На предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, Собранието на Република Северна Македонија објавува јавен оглас за именување претседател и членови на Државната комисија за жалби по јавни набавки во рок од пет дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Огласот од ставот (1) на овој член се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик а рокот за пријавување е десет дена од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Член 7

Со именувањето на претседателот и членовите на Државната комисија за жалби по јавни набавки согласно одредбите од овој закон, им престанува мандатот на претседателот и членовите на Државната комисија за жалби по јавни набавки кои се именувани согласно со Законот за јавните набавки (*) („Службен весник на Република Македонија“ број 24/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 87/21).

Член 8

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки содржи 8 члена.

Со членот 1 се утврдува бројот, составот и условите што треба да ги исполнуваат претседателот и членовите на Комисијата. Преку дефинираните услови се зајакнува стручноста и компетентноста на претседателот и членовите на Комисијата и се определува дека истите треба да има најмалку 10 години работно искуство од кои најмалку пет години во областите за кои е надлежна да одлучува Државната комсија, односно од областа на јавните набавки или областа на концесии и јавно приватно партнерство. Дополнително за членовите на комисијата се предвидува да имаат завршено високо образование стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС, односно завршен VII/1 степен од областа на правото и положен правосуден испит.

Исто така се зајакнува и независноста и професионалноста на Државната комисија и се утврдува дека претседателот и членовите на Комисијата не смеат да бидат членови на орган на политичка партија, па во тој контекст со членот 2 е предвидено дека доколку претседател или член на Државната комисија е член на орган на политичка партија истото претставува основ за разрешување пред истекот на мандатот.

Со членот 3 се утврдува дека дека доказот доказот за уплата на надоместок за водење на постапката и административна такса е дел од задолжителната содржина на жалбата.

Во контекст на членот 3, со член 4 се дефинира обврска за Државната комисија за жалби по јавни набавки во ситуации кога жалбата не ги содржи некои од елементите дефинирани во членот 155 (податоци за подносителот на жалбата, податоци за застапникот или полномошникот, назив и седиште на договорниот орган, број и датум на постапката за јавна набавка и податоци за огласот за јавната набавка, број и датум на одлуката за избор на најповолна понуда, поништување на постапката или други одлуки на договорниот орган, податоци за дејствијата или пропуштањата за преземање дејствија од страна на договорниот орган, опис на фактичката состојба, опис на неправилностите и образложение по истите, предлог на докази, жалбено барање и/или барање за надоместок на трошоците за постапката и потпис на овластено лице), да побара од подносителот на жалбата во рок не подолг од 5 дена да ги отстрани недостатоците.

Со членот 5 се утврдува примената на овој закон во постапките започнати пред Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Со членот 6 се утврдува дека на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувања Собранието на Република Северна Македонија да објави оглас за именување претседател и членови на Државната комисија најдоцна во рок

од пет дена од денот на влегувањето во сила на овој закон и дека рокот за пријавување е десет дена од денот на објавувањето на огласот во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Со членот 7 се предвидува со именувањето на претседателот и на членовите на Комисијата за жалби по јавни набавки согласно одредбите од овој закон, да им престане мандатот на претседателот и членовите на Комисијата за жалби по јавни набавки кои се именувани согласно Законот за јавните набавки(*) („Службен весник на Република Македонија" број 24/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 87/21).

Со членот 8 се уредува влегувањето во сила на законот.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите од овој закон се меѓусебно поврзани, истите се однесуваат на иста правна работа и како такви прават правна целина и се применливи.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените решенија ќе се обезбедат усогласени одредби на Законот.

## ИЗВОД НА ОДРЕДБИ
## ОД ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

### Член 132
### Состав и именување

(1) Државната комисија е составена од претседател и четири члена кои функцијата ја извршуваат професионално, со полно работно време и не можат да имаат друга функција и да бидат вработени на друго работно место.
(2) Претседателот и најмалку двајца од членовите на Државната комисија се од областа на правото.
(3) Претседателот и членовите на Државната комисија ги именува по пат на јавен оглас кој се објавува во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат е на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик и ги разрешува Собранието на Република Македонија на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија.
(4) Претседателот и членовите на Државната комисија се именуваат за период од пет години со право на уште еден избор.
(5) За член на Државната комисија може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:
1. е државјанин на Република Македонија;
2. во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;
3. има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС, односно завршен VII/1 степен образование од соодветната област;
4. има работно искуство од најмалку седум години од кои најмалку пет години од областа на јавните набавки и
5. поседува еден од следните меѓународно признати сертификати за познавање на англиски јазик не постар од пет години:
- ТОЕФЕЛ (TOEFL) со најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) со најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) со најмалку Б2 ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) – положен,
- БУЛАТС (BULATS) со најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) – најмалку ниво Б2 (B2).
(6) За претседател на Државната комисија може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:
1. е државјанин на Република Македонија;
2. во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3. има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС, односно завршен VII/1 степен образование од областа на правото;
4. има положено правосуден испит;
5. во последните пет години не бил член на органите на управување на политичка партија;
6. има работно искуство од најмалку седум години од кои пет години во областа на јавните набавки и
7. поседува еден од следните меѓународно признати сертификати за познавање на англиски јазик не постар од пет години:
- ТОЕФЕЛ (TOEFL) со најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) со најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) со најмалку Б2 ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) – положен,
- БУЛАТС (BULATS) со најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) – најмалку ниво Б2 (B2).

(7) Претседателот и членовите на Државната комисија од редот на своите членови избираат заменик-претседател со мнозинство гласови, по принципот на ротација на секои шест месеци.
(8) Претседателот и членовите на Државната комисија не можат да бидат членови во органи и тела кои ги избира или именува Собранието на Република Македонија или Владата.
(9) За време на траењето на мандатот претседателот и членовите на Државната комисија имаат право на плата. Коефициентот за пресметување на платата на претседателот на Државната комисија и на членовите го утврдува Собранието на Република Македонија.

### Член 133
### Разрешување на претседател или на член на Државната комисија

(1) Собранието на Република Македонија го разрешува претседателот и/или членот на Државната комисија пред истекот на мандатот, ако:
- тоа сам го побара,
- трајно ја загуби способноста за вршење на функцијата, што го утврдува Собранието на Република Македонија,
- е осуден со правосилна судска пресуда за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеци,
- ги исполни условите за старосна пензија,
- врши работи кои се неспојливи со функцијата член или претседател на Државната комисија или
- настапи смрт на претседателот или на членот.

(2) За постоењето причини за разрешување на претседателот или членот на Државната комисија пред истекот на мандатот, претседателот (или заменикот во

случај на разрешување на претседателот) е должен да го извести Собранието на Република Македонија.
(3) Собранието на Република Македонија започнува постапка за утврдување предлог за именување претседател и членови на Државната комисија најмалку три месеци пред истекот на нивниот мандат. Постапката за именување треба да заврши најмалку 30 дена пред редовниот истек на мандатот на претседателот и членовите.

## Член 155
## Содржина на жалбата

(1) Жалбата ги содржи следниве елементи:
- податоци за подносителот на жалбата (име и презиме, назив на економскиот оператор, адреса на престојувалиште и седиште),
- податоци за застапникот или полномошникот,
- назив и седиште на договорниот орган,
- број и датум на постапката за јавна набавка и податоци за огласот за јавната набавка,
- број и датум на одлуката за избор на најповолна понуда, поништување на постапката или други одлуки на договорниот орган,
- податоци за дејствијата или пропуштањата за преземање дејствија од страна на договорниот орган,
- опис на фактичката состојба,
- опис на неправилностите и образложение по истите,
- предлог на докази,
- жалбено барање и/или барање за надоместок на трошоците за постапката и
- потпис на овластено лице.
(2) Подносителот на жалбата е должен да приложи и доказ за уплата на надоместок за водење на постапката.

## Член 156
## Постапување со неуредна жалба

(1) Доколку доставената жалба не ги содржи најмалку податоците од членот 155 став (1) алинеи 1, 3, 4, 5 и 9 на овој закон, Државната комисија ќе побара од подносителот да ја дополни жалбата и ќе одреди рок кој не може да биде подолг од пет дена.
(2) Доколку подносителот не постапи по барањето од ставот (1) на овој член, жалбата ќе се отфрли како неуредна, освен ако од содржината на истата може да се постапи и има поставено жалбено барање.